РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 05-2579/1
14-03-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

## Извештај за финансиското работење на претпријатието во четвртиот квартал од 2021 година



Скопје, 2022

# СОДРЖИНА

I. Општи информации

II. Табеларен приказ на тримесечен финансиски извештај за IV квартал 2021

III. Остварени приходи IV квартал 2021

IV. Остварени расходи IV квартал 2021

V. Биланс на состојба IV квартал 2021

VI. Биланс на успех IV квартал 2021

VII. Табела специфицирани приходи IV квартал 2021

VIII. Табела специфицирани расходи IV квартал 2021

IX. Извештај за реализирана инвестициона програма IV квартал 2021

## ВОВЕД

Овој извештај се изготвува согласно член 5 од Законот за јавните претпријатија и се однесува за периодот октомври - декември 2021 година. Извештајот се доставува до Владата на Република Северна Македонија, како основач на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП). Во извештајот е прикажана реализацијата на приходите, расходите и инвестициите во четвртиот квартал од 2021 година. Извршена е споредба на нивната реализација во однос на реализацијата во истиот период од 2020 година.

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија. Претпријатието е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Во периодот октомври - декември 2021 година Јавното Претпријатие за државни патишта реализираше задачи утврдени со Програмата за изградба, рехабилитација, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, при што ги оствари следните активности и соодветни финансиски резултати:

## III. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП за државни патишта за периодот октомври - декември 2021 година

| Ред.бр. | Опис | План 2021 | Остварено 2021 | Остварено 2020 | Структурна анализа 2021 | Споредбена анализа (остварено 2021/план 2021) | Споредбена анализа (остварено 2021/остварено 2020) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **11,095,000,000** | **2,083,694,560** | **3,305,632,460** | **94.02%** | **18.78** | **63.03%** |
| 1.1 | Приходи од патарина | 3,550,000,000 | 659,598,166 | 585,959,934 | 31.66% | 18.58 | 112.57% |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 2,050,000,000 | 419,041,585 | 401,184,898 | 20.11% | 20.44 | 104.45% |
| 1.3 | Други приходи | 43,000,000 | 6,705,062 | 6,802,812 | 0.32% | 15.59 | 98.56% |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 4,650,000,000 | 872,230,534 | 850,105,724 | 41.86% | 18.76 | 102.60% |
| 1.5 | Приходи од укинување на долгорочни резервации | | 124,606,891 | 121,434,290 | 5.98% | | 102.61% |
| 1.6 | Приходи од камати,пресметани позитивни курсни разлики и останати долгорочни вложувања | 802,000,000 | 1,512,322 | 1,340,144,802 | 0.07% | 0.19 | 0.11% |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **5,394,150,000** | **2,969,846,308** | **1,454,064,663** | **97.76%** | **55.06** | **204.24%** |
| 2.1 | Трошоци суровини и материјали | 92,150,000 | 45,535,768 | 32,959,675 | 1.53% | 49.41 | 138.16% |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 1,555,000,000 | 518,103,901 | 460,821,930 | 17.45% | 33.32 | 112.43% |
| 2.3 | Останати трошоци од работењето | 467,000,000 | 28,647,537 | 40,424,512 | 0.96% | 6.13 | 70.87% |
| 2.4 | Амортизација | 1,900,000,000 | 492,407,290 | 484,616,642 | 16.58% | 25.92 | 101.61% |
| 2.5 | Трошоци за вработените | 320,000,000 | 96,840,012 | 87,065,463 | 3.26% | 30.26 | 111.23% |
| 2.6 | Расходи за камати и негативни курсни разлики (финансиски расходи) | 1,060,000,000 | 1,721,780,288 | 290,891,748 | 57.98% | 162.43 | 591.90% |
| 2.7 | Резервирања за трошоци и ризици | | 66,531,512 | 57,284,693 | | | |
| 2.8 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | | | 0.00% | | |
| 3 | **Финансиски резултат (добивка/загуба)** | **5,700,850,000** | **-886,151,748** | **1,851,567,797** | -29.84% | | |
| 4 | **Вкупни неизмирени обврски (краткорочни)** | | 7,232,060,242 | 7,464,504,381 | | | |
| 5 | **Вкупни побарувања** | | 225,254,216 | 178,288,001 | | | |
| 6 | **Состојба на сметки (денарски и девизни)** | | 2,193,562,595 | 1,191,199,051 | | | |
| 7 | **Вкупен број на вработени лица** | | 484 | 482 | | | |
| | Број на лица вработени на неопределено време во претпријатието/друштвото | | 363 | 366 | | | |
| | Број на лица вработени на определено време во претпријатието/друштвото | | | | | | |
| | Број на привремено вработени лица во претпријатието/друштвото | | 121 | 116 | | | |
| 8 | **Износ на просечно исплатена нето плата во претпријатието** | | 32,433 | 31,512 | | | |

## III. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Планираните приходи на ЈПДП за 2021 година произлегуваат од изворите на средства за финансирање на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од нафтени деривати;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за :
   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,
   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,
   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,
   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,
   д) прекумерно користење на пат,
   ѓ) вонреден превоз и
   е) штета сторена на патот и објектите на патот,
5) средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и таа не може да биде помала од 20% од вкупниот приход остварен врз основа на акциза од нафтени деривати.

Во периодот октомври - декември 2021 година ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. **Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати**, во четвртиот квартал од 2021 година изнесува 872.230.534 денари, односно 18,76% од планираните за 2021 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е поголем за 2,60% или за 22.124.810 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

2. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)** во износ од 659.598.166 денари, односно 18,58% од вкупно планираниот приход по оваа основа за 2021 година. Во споредба со истиот период од 2020 година, приходот врз оваа основа е поголем за 12,57%, односно за 73.638.232 денари. Висината на тој надоместок е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45 -3763/1 од 03 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/2019 од 11.06.2019).

3. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса)** што се плаќа при **регистрација на возилата,** во износ од 419.041.585 денари, што е 20,44% од планираниот приход по таа основа за 2021 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот врз оваа основа е поголем за 4,45% или за 17.856.687 денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот.

4. **Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта** изнесуваат 6.705.062 денари. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", како и други приходи, како и пресметани приходи од побарувања по основ на судски предмети.

   **Во четвртиот квартал од 2021 година имаме остварено повеќе приходи во споредба со четвртиот квартал од 2020 година за 113.619.729 денари.**

5. **Приходи** од пресметани и наплатени камати во износ од 816.330 денари, пресметани позитивни курсни разлики 695.992 денари или вкупно приходи по двата основи 1.512.322 денари.



## IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во периодот октомври - декември 2021 година направени се расходи по следниве позиции:

**1. Трошоци за суровини и материјали и електрична енергија________45.535.768** денари:

- трошоци за канцелариски материјали------------------------------------------------ 299.357 денари
- трошоци за материјали за одржување хигиена-------------------------------- 148.551 денар
- трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици--------------- 1.028.576 денари
- трошоци за електрична енергија, гориво и др. трошоци за енергија--44.059.284 денари

**2. Услуги со карактер на материјални трошоци__________________ 518.103.901** денари:

- трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет------------------- 5.032.590 денари
- трошоци за одржување патишта (Македонијапат)------------------------ 383.629.941 денари
- трошоци за одржување на опрема и згради, одржување на софтвер, одржување хигиена на наплатни станици и други трошоци------------ 45.087.106 денари
- наем на опрема-------------------------------------------------------------------- 2.299.836 денари
- режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, парно)------------ 3.443.851 денари
- трошоци за огласи------------------------------------------------------------------189.569 денари
- трошоци за надзор над одржување на државни патишта-----------------26.979.376 денари
- трошоци за провизија за здруженија за технички преглед---------------27.228.626 денари
- други трошоци за услуги и услуги за привремено вработени------------24.164.250 денари
- трошоци за регистрација на службени возила--------------------------------48.756 денари

**3. Останати трошоци од работењето________________________________ 28.647.537** денари:

- надоместоци за членови на УО и НО-----------------------------------------------703.214 денари
- трошоци за донација--------------------------------------------------------------------200.000 денари
- трошоци за репрезентација (вода наплатни станици и др.) -------------------824.024 денари
- трошоци за осигурување-----------------------------------------------------------------498.317 денари
- трошоци за банкарски провизии------------------------------------------------------7.179.125 денари
- останати трошоци (административни, судски, нотарски такси)-------------- 438.705 денари
- трансфери кон ЕЛС за одржување локални патишта и улици------------- 9.643.389 денари
- консултантски услуги---------------------------------------------------------------2.760.598 деанри
- трошоци за вештачења, адвокатски услуги (судски спор со Рубау), трошоци по судски решенија, геодетски услуги---------------------------------6.400.165 денари

**4.Пресметан трошок за амортизација______________________________ 492.407.290 денари**

**5.Трошоци за вработените____________________________________________ 96.840.012 денари:**

- Трошоци за бруто плати------------------------------------------------------------- 90.998.052 денари
- Трошоци за превоз на инкасанти, обуки,систематски преглед и други---4.919.794 денари
- Трошоци за солидарна помош и отпремнини за пензија------------------------903.543 денари
- Трошоци за службени патување -------------------------------------------------- 18.623 денари

**6.Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи)________________________________________ 1.721.780.288 денари:**

- негативни курсни разлики------------------------------------------------ 1.593.209.714 денари
- камати---------------------------------------------------------------------------------- 128.570.574 денари

1. Ставката трошоци за суровини и материјали е поголема во споредба со истиот период од минатата година поради зголемениот трошок за електрична енергија.
2. Ставката услуги со карактер на материјални трошоци е поголема во споредба со истиот период од минатата година поради зголемените исплати за тековно одржување на државните и регионалните патишта кон ЈП за одржување на магистрални и регионални патишта (Македонијапат) и направен трошок за одржување на згради и објекти на ЈПДП.
3. Ставката трошоци за вработените е поголема во споредба со периодот од минатата година поради зголемена ангажираност на вработените на наплатните станици што се должи на зголемената фрекфенција на возила што се гледа и од повеќе остварениот приход од патарини, за разлика од минатата година кога беше намален интензитетот на сообраќајот како последица од мерките против COVID-19.

**Напомена:** Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики произлегуваат од користењето и отплатата на странски кредити, односно од кредитната задолженост на ЈП за државни патишта.



| | V.БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено 31.12.2021 | Остварено 31.12.2020 | Споредбена анализа оств.тек.год. /оств.претх.год(%) | Структурна анализа тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | |
| 1 | Парични средства | 2.193.563 | 1.191.199 | 184,15% | 1,91% |
| 2 | Побарувања краткорочни | 217.896 | 178.288 | 122,22% | 0,19% |
| 3 | Залихи | 1.670 | 1.503 | 111,11% | 0,00% |
| 4 | Краткорочни финансиски средства | | | | |
| 5 | Други тековни средства (АВР) | 55.122 | 7.015 | 785,77% | 0,05% |
| 6 | **Тековна актива (1+2+3+4+5)** | **2.468.251** | **1.378.005** | **179,12%** | **2,15%** |
| 7 | **Материјални средства и вложувања во недвижност** | **112.504.058** | **106.491.015** | **105,65%** | **97,83%** |
| 8 | Долгорочни фин. вложувања (долгорочни побарувања) | 21.010 | 35.055 | 59,93% | 0,02% |
| 9 | **Нематеријални средства** | **1.159** | **8.763** | **13,23%** | **0,00%** |
| 10 | Долгорочни финансиски средства | | | | |
| 11 | Други средства | | | | |
| 12 | **Вкупна актива (6+7+8+9+10+11)** | **114.994.478** | **107.912.838** | **106,56%** | **100,00%** |
| 13 | Вонбилансна актива | | | | |
| | **ПАСИВА (Обврски и Акционерски капитал)** | | | | |
| 14 | Краткорочни обврски | 7.232.060 | 7.464.504 | 96,89% | 6,29% |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 2.196.970 | 2.305.871 | 95,28% | 1,91% |
| 16 | **Тековни обврски** | **7.232.060** | **7.464.504** | **96,89%** | **6,29%** |
| 17 | Долгорочни обврски | 43.973.023 | 38.038.820 | 115,60% | 38,24% |
| 18 | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 209.063 | 193.958 | 107,79% | 0,18% |
| 19 | **Нетековни средства (17+18)** | **44.182.086** | **38.232.778** | **115,56%** | **38,42%** |
| 20 | **Обврски (16+19)** | **51.414.146** | **45.697.282** | **112,51%** | **44,71%** |
| 21 | Капитал | 5.000 | 5.000 | 100,00% | 0,00% |
| 22 | Акумулирана добивка | 45.512.573 | 42.627.572 | 106,77% | 39,58% |
| 23 | Резерви | 4.595.660 | 2.885.000 | 159,29% | 4,00% |
| 24 | Ревализациони резерви | 9.796.453 | 9.796.453 | 100,00% | 8,52% |
| 25 | Добивка/Загуба деловна година | 1.473.676 | 4.595.660 | 32,07% | 1,28% |
| 26 | **Вкупен капитал (21+22+23+24+25)** | **61.383.362** | **59.909.685** | **102,46%** | **53,38%** |
| 27 | **Вк. обврски и капитал (20+26) Пасива** | **114.994.478** | **107.912.838** | **106,56%** | **100,00%** |
| 28 | Вонбилансна пасива | | | | |

## VI. Табела БИЛАНС НА УСПЕХ IV квартал 2021 година

во илјада денари (000)

| Poz | Опис | План IV квартал 2021 | Остварено IV квартал 2021 | Остварено IV квартал 2020 | Споредба остварено тековна година/оств. претх. год | Споредба остварено тековна година/планирано | Структурна анализа тековна година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 2 | Акциза | 1.162.500 | 872.231 | 850.106 | 102,60% | 75,03% | 41,89% |
| 3 | Патарина | 887.500 | 659.598 | 585.960 | 112,57% | 74,32% | 31,68% |
| 4 | Регистрација (патна такса) | 512.500 | 419.042 | 401.185 | 104,45% | 81,76% | 20,13% |
| 5 | Други приходи | 10.750 | 131.312 | 128.237 | 102,40% | 1221,51% | 6,31% |
| 6 | Вкупно приходи од дејноста | 2.573.250 | 2.082.183 | 1.965.488 | 105,94% | 80,92% | 100,00% |
| 7 | Финансиски приходи | | | | | | |
| 8 | Камати | 5.500 | 816 | 1.562 | 52,24% | 14,84% | 53,97% |
| 9 | Позитивни курсни разлики | 195.000 | 696 | 1.338.582 | 0,05% | 0,36% | 46,03% |
| 10 | Вкупно Финансиски приходи | 200.500 | 1.512 | 1.340.144 | 0,11% | 0,75% | 100,00% |
| 11 | **Вкупно приходи** | **2.773.750** | **2.083.695** | **3.305.632** | 63,03% | **75,12%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 12 | **Трошоци од дејноста** | | | | | | |
| 13 | Трошоци за материјали и сл. | 23.038 | 45.536 | 32.960 | 138,16% | 197,66% | 6,61% |
| 14 | Трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци | 388.750 | 518.104 | 460.822 | 112,43% | 133,27% | 75,18% |
| 15 | Трошоци за вработените | 80.000 | 96.840 | 87.065 | 111,23% | 121,05% | 14,05% |
| 16 | Останати трошоци од работењето | 116.750 | 28.648 | 40.425 | 70,87% | 24,54% | 4,16% |
| 17 | Вкупно Трошоци од дејноста | 608.538 | 689.128 | 621.272 | 110,92% | 113,24% | 100,00% |
| 18 | Камати | 75.000 | 128.571 | 261.757 | 49,12% | 171,43% | 5,81% |
| | Негативни курсни разлики | 190.000 | 1.593.210 | 29.135 | 5468,37% | 838,53% | 71,95% |
| 19 | Амортизација | 475.000 | 492.407 | 484.617 | 101,61% | 103,66% | 22,24% |
| 21 | Вкупно останати расходи | 740.000 | 2.214.188 | 775.509 | 285,51% | 299,21% | 100,00% |
| 22 | Вредносно усогласување на нетековни средства | | 66.532 | 57.285 | | | |
| 23 | **Вкупно расходи** | **1.348.538** | **2.969.848** | **1.454.066** | 204,24% | **220,23%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 24 | Финансиски резултат | 1.425.213 | -886.153 | 1.851.566 | -47,86% | -62,18% | |
| 25 | Данок на добивка | | | | | | |
| 26 | Нето Финансиски резултат | 1.425.213 | -886.153 | 1.851.566 | | | |

во илјада денари (000)

# VII.ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ IV КВАРТАЛ 2021

| | **3. Специфицирани приходи** | **Планирано IV квартал 2021 година** | **Остварено IV квартал од 2021 година** | **Остварено IV квартал 2020 година** | **Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%)** | **Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%)** | **Структурна Анализа Тековна година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Дел од акциза од нафтени деривати | 1.162.500 | 872.231 | 850.106 | 102,60% | 75,03% | 41,89% |
| 2 | Патарина | 887.500 | 659.598 | 585.960 | 112,57% | 74,32% | 31,68% |
| 3 | Регистрација (патна такса) | 512.500 | 419.042 | 401.185 | 104,45% | 81,76% | 20,13% |
| 4 | Други приходи | 10.750 | 6.705 | 6.803 | 98,56% | 62,37% | 0,32% |
| 5 | Приходи од укинување на долгорочни резервации | | 124.607 | 121.434 | 102,61% | | 5,98% |
| 6 | **Вкупни оперативни приходи (1+2+3+4+5)** | **2.573.250** | **2.082.183** | **1.965.488** | **105,94%** | **80,92%** | **100,00%** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| 7 | Приходи од камати | 5.500 | 816 | 1.562 | 52,24% | 14,84% | 53,97% |
| 8 | Приходи од позитивни курсни разлики | 195.000 | 696 | 1.338.582 | 0,05% | 0,36% | 46,03% |
| 9 | **Вкупно останати приходи (6+7)** | **200.500** | **1.512** | **1.340.144** | **0,11%** | **0,75%** | **100,00%** |
| 10 | **Вкупно приходи (6+8)** | **2.773.750** | **2.083.695** | **3.305.632** | **63,03%** | **75,12%** | |

во илјада денари (000)

## VIII. ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ IV КВАРТАЛ 2021

| | 4. Специфицирани расходи | Планирано за IV квартал 2021 година | Остварено за IV квартал од 2021 година | Остварено за IV квартал 2020 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 23,038 | 45,536 | 32,960 | 138.16% | 197.66% | 3.85% |
| 2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 388,750 | 518,104 | 460,822 | 112.43% | 133.27% | 43.85% |
| 3 | Останати трошоци од дејноста | 116,750 | 28,648 | 40,425 | 70.87% | 24.54% | 2.42% |
| 4 | Трошоци за вработени | 80,000 | 96,840 | 87,065 | 111.23% | 121.05% | 8.20% |
| 5 | Амортизација | 475,000 | 492,407 | 484,617 | 101.61% | 103.66% | 41.68% |
| 6 | **Вкупни оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **1,083,538** | **1,181,535** | **1,105,889** | **106.84%** | **109.04%** | **100.00%** |
| | **Останати расходи** | | | | | | |
| 7 | Расходи по основ на камати | 75,000 | 128,571 | 261,757 | 49.12% | 171.43% | 4.33% |
| 8 | Расходи по основ на курсни разлики | 190,000 | 1,593,210 | 29,135 | 5468.37% | 838.53% | 53.65% |
| 9 | **Вкупно останати расходи (7+8)** | **265,000** | **1,721,781** | **290,892** | 591.90% | 649.73% | 57.98% |
| 10 | Резервирања за трошоци и ризици | | 66,532 | 57,285 | | | |
| 11 | **Вкупно расходи (6+9)** | **1,348,538** | **2,969,848** | **1,454,066** | **204.24%** | **220.23%** | **100.00%** |
| 2 | Просечен број на вработени | | 484 | 482 | | | |

### IX Извештај за реализација на Инвестиционата програма во IV квартал 2021 година

| Инвестициона програма | Програма 2021 година | Реализација – X-XII-2021 | Реализација X-XII-2020 | Споредба X-XII 2021/X-XII- 2020 | Реализација X-XII 2021/програма 2021 | Структура на одделни во вк. реализирани инвестиции во периодот X-XII 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно инвестиции** | **16.010.500.000** | **2.478.432.984** | **2.106.845.278** | **117,64** | **15,48%** | **100,00%** |
| **1) Инвестиции од сопствени средства** | **3.472.000.000** | **894.866.250** | **729.982.078** | **122,59** | **25,77%** | **36,11%** |
| * Градба, рехабилитација, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 1.642.000.000 | 539.263.690 | 435.981.003 | 123,69 | 32,84% | 21,76% |
| *Инвестиционо одржување на патишта (Македонија пат и др) | 726.000.000 | 81.201.406 | 128.418.178 | 63,23 | 11,18% | 3,28% |
| *Надомест за одземен имот - експропријација | 300.000.000 | 48.699.506 | 71.985.577 | 67,65 | 16,23% | 1,96% |
| *Средства по Одлука на Влада за Мак.пат | 180.000.000 | 70.260.000 | 0 | 0 | 39,03% | 2,83% |
| *Расходи за инфраструктурни проекти и надзор | 618.000.000 | 153.455.154 | 93.345.695 | 164,39 | 24,83% | 6,19% |
| *Опрема | 6.000.000 | 1.986.494 | 251.625 | 789,47 | 33,11% | 0,08% |
| **2) Инвестиции од странски кредити** | **12.538.500.000** | **1.583.566.734** | **1.376.863.200** | **115,01** | **12,63%** | **63,89%** |

Графички приказ на Инвестиции во IV квартал 2021






1. **За инвестиции од сопствени средства** во извештајниот период беа реализирани 894.866.250 денари и тоа:

- Средствата во износ од 539.263.690 денари реализирани се за ситуации за рехабилитација на државни и регионални патишта и тоа: делница Куманово – Страцин, реконструкција на делница Ропалце-Матејче-Липково, изградба на делница ГП Блаце – Скопје (клучка Стенковец), делница Извор – Гарски мост, транзитен дел низ Охрид, делница Тетово - Цепчиште како и санација на свлечишта и мостови. Исто така реализирани се средства за сопствено учество во инвестиции од проектот Кичево – Охрид.
- За инвестициско одржување на државните патишта во четвртиот квартал од 2021 година потрошени се средства во износ од 81.201.406 денари согласно Договорот и Програмата за одржување на државните патишта со ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје.

- За надомест за одземен имот, односно експропријација беа потрошени 48.699.506 денари.
- За реализација на ставката расходи за инфраструктурни проекти и надзор во четвртиот квартал од годината потрошени се 153.455.154 денари. За надзор над изградбата и одржувањето на патиштата потрошени се 112.072.849 денари и тоа за надзор над градби финансирани од меѓународни кредити, како и надзор над изградбата на проектите финансирани од сопствени средства. За изработка или дополнување на инфраструктурни проекти во извештајниот период реализирани се 41.382.305 денари.




2. **За инвестиции од странски кредити**, беа реализирани вкупно 1.583.566.734 денари и тоа:

- За реализација на Проектот за електронска наплата на патарини, Програма за градба на национални патишта и Проектот за градба на делница Штип – Радовиш, патишта финансирани од проектот за национални патишта и Проектот за патарини за коридор 8 финансирани од **ЕБОР** потрошени се 982.424.301 денар;
- За реализација на Проектот за унапредување и развој на патиштата (Ранковце – Крива Паланка) финансиран од кредит од **Светска Банка** потрошени се 276.513.056 денари.
- За реализација на Проектот за автопатската делница Кичево – Охрид финансиран од Ехим банка потрошени се 324.629.377 денари.

ДИРЕКТОР

EJUP RUSTEMI

Jавно претпријатие за државни патишта - Ndërmarrja publike për rrugë shtetërore
Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Скопје - Shkup

Изработил:Маре Шурлиновска

Контролирал/Одобрил: Миле Куновски